Врз основа на член 3, став 1 од Законот за издавачка дејност (Сл.весник на РСМ, бр.199/14, 152/15), член 9, став 1, точка 5 како и член 20, став 1, точка 14 од Статутот на НУ Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија со арх.бр.01-527/2 од 21.08.2025 година,, Управниот Одбор на НУ Оркестар за џез музика на РСМ на седницата на ден 25.09.2026 година го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И РАБОТА НА РЕДАКЦИСКИ ОДОБОРИ ВО НУ ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВРЕНА МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-635/5
28.09.2026 год.-viti
SKOPJE - SHKUP

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи, организирањето и остварувањето на издавачката дејност на НУ Оркестар за џез музика на РСМ.

Член 2

Издавачката дејност на Оркестарот за џез музка се остварува преку:

1. Репродукција на снимени медиуми;
2. Снимање на звучни записи и издавање на музички записи;
3. Издавање на книги;
4. Издавање на списанија и периодични публикации;
5. Други издавачки дејности

Член 3

на НУ Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија издавач на музичкиот албум со наслов "Македонски сновиденија - Macedonian Dreams"

Член 4

Издавачката дејност на Оркестарот за џез музка се остварува врз основа на годишни (или во случај повеќегодишни) издавачки планови, во согласност со тековниот финансиски план и годишната програма за издавачка дејност.

Член 5

Оркестарот за џез музика во областа на издавачка дејност, врши:

- Утврдување на состојбите и потребите од стручни изданија за џез музика;
- Изработка, печатење, дистрибуција и продажба на изданија;
- Соработка и координирање на активностите во издавачката дејност со други сродни институции и издавачи во РСМ;
- Други активности

II.ДРУГИ ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 6

Националната Установа Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија како издавач ја застапува директорот на Оркестарот.

Член 7

Управниот Одбор на Оркестарот за џез музика го одобрува издавањето на изданијата во рамките на Годишната програма и Годишниот Буџетна Оркестарот за џез музика, ја следи издавачката дејност, соодветно и меродавно зазема определени ставови во поглед на спроведувањето на уредничка политика на изданијата во смисла на давање насоки и корекции.

Член 8

Директорот на Оркестарот за џез музика е одговорен уредник на сите изданија на Оркестарот.

Член 9

Авторите, приредувачите и уредниците на изданијата на Оркестарот ги именува и разрешува директорот – одделно за секое издание/публикација, по нивна адекватност, релевантност и стручност во конкретната област на изданијата/публикациите.

Член 10

Авторите, приредувачите и уредниците на изданијата на Оркестарот за џез музика примаат финансиски надоместок за својата работа преку Договор за ангажирање (Договор за дело).

Член 11

Именуваните уредници на изданијата ги имаат следните обврски: учествува и решава по однос на формирањето на идејната и конкретната структура и форма на конкретното издание, учествува и решава по однос на изборот на тематскит области, културните случувања и настани, решава, координира и ја контролира работата на членовите на редакцијата во однос на изборот на адекватни материјали (аранжмани, нотни, текстови, фотографски, ликовни итн). Потоа, решава, го координира и следи извршувањето на работата при печатењето, промоција и дистрибуција на изданието.Главниот уредник решава и ги координира сите други неопходни процедури, постапки и потреби (редовни или инцидентни) на изданијата.

Редакцијата се состои од областите кои ги опфаќаат изданијата од редот на вработените во Оркестарот за џез музика и дел од надворешни членови – експерти од областа која го опфаќа изданието.

Членовите на Редакцијата ги имаат следните обврски: учествуваат формирањето на идејната и конкретната структура и форма на конкретното издание, како и на самата реализација на истото, ги предлагаат тематскит области, културните случувања и настани, предлагаат адекватни материјали (аранжмани, нотни, текстови, фотографски, ликовни итн) и вршат контрола, редактура и корекција на истите во процесот на создавањето на истото.

Член 12

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

Постапка за изменување и дополнување на овој Правилник, се врши на начин и постапка како и за неговото донесување.

Правилникот ќе се објави на огласна табла и на веб страната на установата.

Претседател на Управен Одбор,

Тијана Гесалоника Шишкоска